ЦЕНТАР ЗА ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА И АНАЛИЗИ
CENTER FOR LEGAL RESEARCH AND ANALYSIS

МЗМП

# БИЛТЕН ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА ПРИВАТНОСТ ВО ДИГИТАЛНИОТ ПРОСТОР

Бр. 1 Декември, 2023 година

**ЗА ПРОЕКТОТ:** **Проект "Ефикасна правда за заштита на основните слободи и правото на приватност во онлајн просторот" е две годишен проект финансиран од ЕУ, а имплементиран од Центарот за правни истражувања и анализи (ЦПИА) и Македонско здружение на млади правници (МЗМП). Цел на проектот е да се зајакнат капацитетите на судството и јавното обвинителство во ефикасна заштита на приватноста на граѓаните, како и другите права и основни слободи засегнати од новите технологии во онлајн просторот во согласност со правото и стандардите на ЕУ.**

Цел на билтенот е информирање и запознавање на граѓаните, граѓанските организации, релевантните институции и стручната јавност со правните аспекти за заштита на правото на приватност и лични податоци, во согласност со глобалните и стандардите на Европската Унија (ЕУ).

Спроведени активности во рамки на ЕУ проектот "Ефикасна правда за заштита на основните слободи и правото на приватност во онлајн просторот":

- **Подготвена** Анализа на празнини и предизвици за ефикасна правда за заштита на личните податоци и правото на приватност;
- **Подготвена** Анализа на потреби од обуки и акционен план за обуки за судство и јавно обвинителство за заштита на човековите права, правото на приватност и лични податоци во дигиталниот простор;
- **Развиен** Курикулум за заштита на лични податоци и правото на приватност во онлајн просторот за обуки за судии и јавни обвинители;
- Во соработка со Агенција за заштита на лични податоци, **Спроведена** EU TAIEX експертска мисија за подготовка на Водич за заштита на човековите права и правото на приватност во дигиталниот простор за практична употреба на судии, јавни обвинители и адвокати во согласност со праксата и стандардите` на ЕУ за заштита на правото на приватност.

## НОВОСТИ ВО МАКЕДОНИЈА

- Во тек е подготовка на нова Стратегија за заштита на личните податоци за период 2024-2030 година. Стратегијата ја подготвува Агенција за заштита на лични податоци со поддршка на експерти ангажирани преку TAIEX инструментот на ЕУ.
- Изготвен е Предлог Закон за бедбедност на мрежни и информациски сиситеми и дигитална трансформација. Со усвојувањето на овој закон ќе се овозможи високо ниво на сајбер безбедност заради заштита и понатамошен развој, подобрена ИТ инфраструктура, а се предвидува и формирање на Агенција за безбедност на мрежни и информациски системи и дигитална трансформација како регулаторно тело за оваа проблематика. Со ова законско решение целосно е транспонирана NIS 2 Директивата од ЕУ во областа на безбедност на мрежни и информациски системи.

Финансирано од Европска Унија

ЕУ со ТЕБЕ

Овој Билтен е изработен во рамките на проектот „Ефикасна правда за заштита на основните слободи и правото на приватност во онлајн-просторот", финансиран од Европската унија. Содржината на Билтенот е единствена одговорност на авторите и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската унија.

- На 19.07.2023 година Државната комисија за спречување корупција изјави дека ќе поднесе иницијатива за кривично гонење на двајца поранешни директори на Управата за водење на матичните книги заради основано сомневање за можна трговија со илјадници лични податоци на граѓаните. Според изјавата, сомнежот произлегува по спроведена контрола на процесот на дигитализација на матичните книги на родени, венчани и починати лица и наводни сознанија дека личните податоци биле целосно незаштитени и можеби завршиле во соседна држава.
- Во период од 01.01.2023 до 30.07.2023 вкупниот број на случаи за злоупотреба на лични податоци и извршени незаконски дејствија на финансиските друштва за т.н. брзи кредити, без проверка на документи за лична идентификација на барателите на средствата, изнесува 65 случаи.
- Извештајот за напредок на Европската комисија за Република Северна Македонија за 2023 година во делот "Фундаментални права" констатира потреба од целосна усогласеност со регулативата на ЕУ за заштита на лични податоци. Дополнително се укажува на потребата од усогласување на домашното законодавство со ЕУ Директивата за извршување, усогласување на секторска легислатива, несоодветно имплементирање на законодавството од страна на контролорите, зајакнување на капацитетите и независноста на Агенцијата за заштита на лични податоци како и зголемен број на злоупотреба на лични податоци во случаите со тн. брзи кредити.

## НОВОСТИ ВО РЕГИОНОТ, ЕУ И ВО СВЕТОТ

- Законот за вештачка интелигенција на Европската Унија се очекува да стапи на сила на почетокот на 2025 година. Не е потребно само одобрение од ЕП, туку и од сите 27 земји-членки на ЕУ. Според предлог законот, компаниите кои сакаат да продаваат ризични апликации за вештачка интелигенција во Европа треба да исполнат строги барања и да имаат систем на управување со ризик од своите производи.
- ЕУ изрече казна на ТикТок во износ од 345 милиони евра за прекршување на правото на приватност на децата согласно Општата регулатива за заштита на личните податоци на ЕУ (ГДПР). Апликацијата не успеала да ги заштити личните податоци на децата со тоа што на лицата од 13 до 17 години профилите им биле јавно достапни, а пристапот до апликацијата бил олеснет за лица под 13 години.
- Европската комисија предлага сеопфатна измена во легислативата за заштита на лични податоци. Пет години по усвојувањето на Општата регулатива за заштита на личните податоци на ЕУ (ГДПР) се предлагаат измени со цел истата соодветно да ги регулира најновите технолошки предизвици и да овозможи подобро спроведување на легислативата особено во меѓународните случаеви на повреди на лични податоци.
- Дваесет и осум влади ја потпишаа таканаречената Блечли Декларација на првиот глобален самит за безбедност на вештачка интелигенција, организиран од страна на британската влада. Земјите учеснички се согласија дека заедно ќе ја истражуваат безбедноста на вештачката интелигенција, во време кога Велика Британија и САД се натпреваруваат за лидерското место во поставување на меѓународни регулативи.
- Италија беше првата земја членка на ЕУ која привремено ја забрани употребата на ChatGPT откако беа покренати сериозни сомневања за собирање, користење и одржувањето на личните податоци на корисниците. Компанијата доби рок од 20 дена за имплементација на барањата од регулаторите, со чие што исполнување стана повторно достапна за корисниците во Италија. Забраната за употреба на ChatGPT во Италија, резултираше со отварање на слични истраги во Франција, Полска и Шпанија.
- Во Велика Британија се појави сомнеж за неправилно проценување на ризиците за приватност при користење на апликацијата Snapchat, особено со вметнувањето на чат-бот со вештачка интелегенција како дел од апликацијата.
- Clearview AI како компанија која поседува софтвер за препознавање лица кој може да им биде достапен за органи на прогонот, владини агенции и организации, беше санкционирана од страна на Франција со парична казна во вредност од 20 милиони евра поради обработка на биометриски податоци без соодветна правна основа и непочитување на правата на субјектите за бришење на истите.
- Компанијата сопственик на „Фејсбук", „Мета" (Meta Platforms Inc.), доби казна од рекордни 1,2 милијарда евра за прекршување на политиките за приватност на Европската Унија и доби рок да престане да испраќа податоци од своите корисници во САД, откако регулаторите соопштија дека не ги заштитила личните податоци од американските служби за безбедност.



